**РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА**
**СОВЕТ НА ЈАВНИТЕ ОБВИНИТЕЛИ ОБВИНИТЕЛИ НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА**
**REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT**
**KËSHILLI I PROKURORËVE PUBLIK I REPUBLIKËS SË MAQEDONISË SË VERIUT**

**Бр. 02-89/5**
**Скопје,12.12.2025 година**

Записник од триесет и третата седница на Советот на јавните обвинители на Република Северна Македонија одржана на 12.12.2025 година

Присутни:
г-дин Башким Бесими -Претседател на Советот
г-дин Ардиан Демири- член
г-ѓа Јелена Догазанска Колева- член
г-дин Љупчо Коцевски- член
г-дин Ермон Незири- член
г-ѓа Зорица Павловиќ- член
г-ѓа Светлана Стојковиќ член
г-ѓа Душица Димитриеска - член
г-ѓа Кети Петкова- член
г-дин Фатих Алиу -член

Претседателот на Советот на јавните обвинители на Република Северна Македонија г-дин Башким Бесими констатираше дека на седницата се присутни мнозинството членови на Советот, со што се исполнети условите за одржување на триесет и третата седница на Советот.

Претседателот на Советот г-дин Башким Бесими ја отвори триесет и третата седница на Советот за која го предложи следниот :

**Дневен ред**

1. Определување вршител на должност Виш јавен обвинител на Вишо јавно обвинителство Скопје
2. Разно

Вака предложениот дневен ред од страна на претседателот на Советот едногласно беше усвоен од страна на членовите на Советот.

Претседателот на Советот г-дин Башким Бесими по однос на првата точка кажа дека треба да се назначи вршител на должност на ВЈО Скопје

во време траење не подолго од шест месеци, бидејќи на минатата седница беше разрешен вишиот јавен обвинител на ВЈО Скопје Мустафа Хајрулахи по сопствено барање.

Под точка еден од дневниот ред, прва зема збор членот на Советот г-ѓа Кети Петкова која кажа дека овој Совет по суспензијата на ВЈО на ВЈО Скопје донесе едногласна одлука со која за раководител на ВЈО Скопје ја определи Наташа Крстевска Цалева виш јавен обвинител во ВЈО Скопје која до сега со целиот свој професионален капацитет успешно ја извршуваше оваа доверена задача. Од тие причини кажа дека смета дека е најцелисходно да се определи овој обвинител за ВД со што ќе се обезбеди и континуитет во работењето на ова обвинителство.

Претседателот на Советот г-дин Башким Бесими праша дали некој бара збор.

За збор се јави Јавниот обвинител на Република Северна Македонија г-дин Љупчо Коцевски кој истакна дека по разрешувањето на Вишиот јавен обвинител лично разговарал со обвинителката Наташа Крстевска Цалева и истата го замолила да пренесе во Советот дека заради лични причини не е во можност да биде вршител на должност. Исто така кажа дека истата имала и здравствени проблеми.

Членот на Советот г-ѓа Јелена Догазанска Колева истакна дека заради континуитет во работењето на ова јавно обвинителство се согласува со предлогот на колешката Кети и смета дека за вршител на должност треба да остане досегашната обвинителка, од причина што Советот како тело нема распишнано оглас за прием на кандидати, туку само определува ВД согласно законските одредби.

Претседателот г-дин Башким Бесими праша дали некој друг бара збор.

За збор се јави членот г-ѓа Кети Петкова, која кажа дека по однос на дискусијата на Јавниот обвинител г-дин Љупчо Коцевски која се однесува на барањето на обвинителката Наташа Крстевска Цалева да не биде определена за ВД, во контекст на дискусијата на колешката Јелена ќе кажам дека согласно законските одредби, Советот е тој што го определува вршителот на должноста, а назначувањето на ВД е забрзано од причини што оваа ситуација произлезе од оставката на ВЈО Мустафа Хајрулахи, кој ако не си поднесеше оставка, обвинителката Наташа Крстевска Цалева се уште ќе беше раководител и ќе ја обавуваше функцијата со истите здраствени причини за кои зборува Јавниот обвинител. Од тие причини смета дека тоа не може да го земеме во предвид при определувањето на ВД.

За збор се јави Јавниот обвинител г-дин Љупчо Коцевски кој кажа дека јавниот обвинител Наташа Крстевска Цалева до Советот имала доставено и молба да не биде раководител на ВЈО Скопје, а Советот до ден денес се нема произнесено. Од таа причина смета дека треба да се има етичка согласност за нејзино назначување.

За збор се јави членот г-дин Ермон Незири кој кажа дека околу етичката согласност, обвинителката треба да биде доблесна и да ја истера работата до избор на ВЈО на ВЈО Скопје, затоа што во овој момент се избира техничко лице за период од максимум два месеци. Ако ние како Совет се јавуваме поединечно до сите обвинители дали се

согласни за избор, до понеделник нема да избериме вршител на должност. Едно е кога редовно се распишува конкурс, а во овој случај е само довршување на техничките работи заради непречено функционирање на Вишото јавно обвинителство Скопје и затоа предлагам да остане како ВД јавниот обвинител Наташа Крстевска Цалева.

Претседателот г-дин Башким Бесими праша дали некој друг бара збор.

Јавниот обвинител на РСМ г-дин Љупчо Коцевски за ВД ги предложи следните јавни обвинители: Трајче Пеливанов, Сашо Рајчев и Наташа Сарамандова.

Збор зема членот г-ѓа Светлана Стојковиќ која кажа дека е согласна со колегите Ермон и Кети дека никој не може некого да натера да конкурира на оглас за шеф на ВЈО Скопје. Тоа е нивно право и лична желба. Но во овој случај ние определуваме вршител на должност ВЈО на ВЈО Скопје. Во моментот се покажа дека Наташа Крстевска Цалева која моментално раководи со ВЈО Скопје, со успех ја врши работата и смета дека како принцип и континуитет на работата на ВЈО Скопје да не се оди со други имиња и други предлози. Останатите кои се заинтересирани за позицијата шеф на ВЈО Скопје, нека си се пријават на оглас кој ќе биде објавен во брз период од страна на Советот.

Претседателот г-дин Башким Бесими истакна дека има вкупно 4 кандидати и праша дали некој друг има нешто да дополни.

Откако никој не побара збор, Претседателот г-дин Башким Бесими кажа дека при крајот на годината ќе се закажи седница и ќе се објави еден оглас за избор на 5 јавни обвинители во ОЈО ГОКК и виш јавен обвинител на ВЈО Скопје. Ова би го направиле од причина што заради недоволни финасиски средства за поеднечни огласи, сите огласи да одат со едно објавување во Службен весник.

Претседателот даде пауза од 5 минути на барање на членот г-дин Ардијан Демири.

По паузата следеше гласање.

Бидејќи никој не побара збор, предлозите ги стави на гласање.

По однос на првиот предлог за јавниот обвинител Наташа Крстевска Цалева гласаа 9 ЗА и 1 ПРОТИВ.

По однос на предлогот за јавниот обвинител Трајче Пеливанов гласаа 1 ЗА и 9 ПРОТИВ.

По однос на предлогот за јавниот обвинител Сашо Рајчев гласаа 1 ЗА и 9 ПРОТИВ.

По однос на предлогот за јавниот обвинител Наташа Сарамандова гласаа 1 ЗА и 9 ПРОТИВ.

Претседателот констатираше дека Советот ја избра Наташа Крстевска Цалева за вршител на должност ВД на ВЈО Скопје до изборот на Виш јавен обвинител на ВЈО Скопје, но не подолго од 6 месеци.

**Заклучок: Советот на јавните обвинители на Република Северна Македонија донесе Одлука со која се определува Наташа Крстевска Цалева – јавен обвинител во ВЈО Скопје, за вршител на должност Виш јавен обвинител на Вишото јавно обвинителство Скопје до**

**изборот на Виш јавен обвинител на ВЈО Скопје, но не подолго од 6 месеци.**

Откако никој не зема збор под точка разно од дневниот ред, претседателот на Советот г-дин Башким Бесими ја заклучи триесет и третата седница на Советот.

Записникот го водел,
Тања Лазарова

**СОВЕТ НА ЈАВНИТЕ ОБВИНИТЕЛИ НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА**
**Претседател,**
**Башким Бесими**